Бр./Nr 12-3002/2 (2021)
09-08-2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 90-тата седница одржана на 04.08.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-3002/1 од 24.08.2021 година, со наводи за неправилности во работењето на службени лица од Секторот за внатрешни работи /// при Министерството за внатрешни работи, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-3002/1 од 25.08.2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител на ден 24.08.2021 година поднесена е пријава со наводи за неправилности во работењето на службени лица од Секторот за внатрешни работи /// при Министерството за внатрешни работи и оформен е предмет број 12-3002/1 од 25.08.2021 година.

Во пријавата подносителот, без да укаже на конкретни коруптивни дејствија преземени од страна на конкретни лица, изнесува наводи за неправилно постапување на полициски службеници при утврдување на фактичка состојба при изготвување на записник и скица од страна на полициски службеници од СВР /// по сообраќајна незгода во која истиот бил учесник. Според изнесеното во пријавата, службените лица во записникот не ги зеле предвид укажувањата на подносителот за фактичката состојба за време на вршењето на увидот, што резултирало во креирање на записник со нецелосно и неправилно утврдена фактичка состојба во која не се земени предвид повеќе околности кои подносителот детално ги опишал во пријавата доставена до ДКСК.

Дополнително, подносителот во пријавата изнесува наводи за несоодветно постапување на службеници од Секторот за внатрешна контрола на СВР /// во постапувањето по претставка со која пријавил неправилности во работата на полициските службеници при вршењето на увидот на лице место и при составувањето на записникот и скицата, по која бил известен дека претставката е неоснована.

Кон пријавата подносителот, покрај копии од друга документација, доставил и копија од Известување на СВР /// од 03.08.2021 година доставено до него во кое е содржана информација дека по Претставка (бр.///) поднесена од негова страна било постапено при

што било констатирано дека истата е неоснована односно Записникот и скицата изготвени за предметната сообраќајна незгода во која тој бил учесник биле согласно фактичката состојба од лице место.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот пријавените наводи не се корупција согласно дефиницијата утврдена во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси по што оцени нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup